| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Зимски радости |
| **Содржина на денот** | „Играме-моделираме“ -моделирање топки во разни големини |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Анета Штербинска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Утринска гимнастика<br>-вежби за активирање на детската мускулатура.<br>Здрави и безбедни навики<br>-Разговор за одржување на личната хигиена и придобивките за нашето здравје. |
| **Активности** | Децата набљудуваат, воочуваат и посочуваат предмети со кружна форма од непосредна околина. Потоа забележуваат кои кружни форми се мали, а кои големи и истите ги класифицираат(пр. жолтата топка). Ја играме играта „Шарени топки“ каде секое дете држи во раката по една топка и истата ја опишува по боја и големина (мало-големо). На крај децата учествуваат во ликовна игра, каде треба да моделираат топки во разни големини со пластелин на подлоги за моделирање и на крајот да направат „Снешко“. Преку ликовната игра ја развиваме фината моторика на дланките и прстите кај децата и ја јакнеме детската самодоверба. |